Република Македонија

# О С Н О В Е Н  С У Д  Р Е С Е Н

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА ВО 2010 ГОДИНА

РЕСЕН, МАРТ 2011 ГОДИНА

# В О В Е Д

Согласно Законот за судовите, (Службен весник наРМ бр.58/06, 35/2008 и 150/2010), Основниот суд Ресен, претставува суд со основа надлежност.

Во Основниот суд Ресен, по предметите од надлежност на истиот, работат 5 избрани судии:Виолета Крстиновска-Претседател на судот, Билјана Јоновска-заменик Претседател, Драги Жаловски, Љубица Саламовска, Царева Проевска.

Исто така, во судот работат вкупно 3 стручни соработници, 6 референти (до 09.07.2010 годинабеа 7 референти),1 преведувач, благајник и сметководител, 4 дактилографи, 1 возач кој работи и како економ и хаусмајстор, 1 доставувач, 4 судски полицајци и 1 хигиеничар.

Извештајот за работа на судот за 2010 год., содржи податоци кои генерално претставуваат анализа за вкупното движење на предметите во судот,како и по оддели.

Согласно распоредот за работа на судиите во период,согласно судскиот деловник, беа дефинирани два одвоени оддели - кривичен и граѓански, со распоредување на постоечките судии во двата оддели.

Притоа, судиите Билјана Јоновска и Драги Жаловски, беа распоредени во кривичен оддел со задолжение да постапуваат по сите истраги, истражни дејствија, дежурства во работно време, сите прекршочни предмети и сите кривични предмети против полнолетни лица.

По извршните прекршочни предмети и извршувањето на санкциите постапува Претседателот на судот.

Судиите Царева Проевска и Љубица Саламовска беа распоредени во граѓанскиот оддел со задолжение да постапуваат по сите парнични предмети, вонпарнични предмети и извршни предмети.

Сите судии во текот на месецот по една седмица постапуваат и како дежурни истражни судии вон работно време,за викенди и неработни денови.

**ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ И ОБЕМ НА РАБОТА**

Судот во извештајниот период ***успеал да го совлада целокупниот прилив на предмети,како и да совлада дел од заостатокот*** односно, решени се повеќе предмети, отколку што се новопримени во работа или:

- *На 01.01.2010 год. затекнати се* ***1363*** *предмети,или за****299*** *помалку во однос на 01.01.2009 година;*

  *-* ***новопримени во 2010 година се 3769 предмети,****или за****299*** *повеќе во однос на 2009 година;*

- *вкупно во работа во 2010 год.биле****5132*** *предмети,или за****389*** *повеќе во однос на 2009 година;*

- ***решени во 2010 год. се 4129 предмети*** *или за* ***509*** *предмети повеќе во однос на 2009 год.,*

- *останале****нерешени1003*** *предмети,или за* ***120*** *помалку во однос на бројот на нерешени на крајот на 2009 год.*

Во најголем дел,судот во текот на извештајната година,**пообласти**,успеал не само да го совлада приливот,туку и да го намали заостатокот на предмети од претходната година:

- прекршоци примени се 418 предмети, а решени се 454 предмети,
- вонпроцесни предмети примени се 42,а решени се 45
- прекршочни предмети примени се 418 предмети,а решени се 454 и
- извршување на прекршочни санкции,примени се вкупно 350 предмети,а решени се 409 предмети.

Меѓутоа, приливот на предмети *во поедини области, судот не успеал целосно да го совлада,* односно:

- парнични предмети-новопримени се 306,а решени се 299 предмети (од новопримените 35 се заведени во месец декември 2010 год.);
- кај кривичните полнолетни новопримени предмети биле вкупно 56 од кои редовни 53 и од укинати 3, а решени се 54 предмети;

На крајот на извештајната година, *останале нерешени 1003* предмети од сите видови.

Од нерешените, 324 предмети отпаѓаат на извршните предмети, 190 на извршување на прекршочни санкции, а 91 на прекршочни предмети.

# КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во тековната година ***зголемен е обемот на работа во кривичните предмети, за 5 предмети,во однос на претходната 2009 год..***

Имено, заедно со 9 предмети од крајот на 2009 год. и 56 ново заведени предмети во 2010 година,(од нив 53 новопримени а 3 примени укинати) вкупно биле во работа 65 кривични предмети, додека во 2009 г. биле вкупно 60 предмети.

Во тековната година се решени 53 кривични предмети, останале нерешени 12 предмети, од кои 9 од редовните и 3 предмети од укинатите.

Меѓутоа,сметам дека треба да се има во предвид дека четири од новопримените предмети се заведени во последниот месец од извештајната година.Од нив два предмети се редовни,а два од укинати.

Од примените предмети во текот на 2010 година, 41 предмети се заведени по обвинение на ОЈО Ресен, 11 по приватни тужби и 4 супсидиерни обвинителни предлози.

Во текот на извештајната година донесени се вкупно 53 одлуки и тоа:

- 39 осудителни пресуди,
- 2 ослободителни пресуди,
- 4 одбивателни пресуди,
- 8 предмети се решени на друг начин.

Што се однесува до предметите во кои се донесени осудителни пресуди, во 1 предмет е изречена казна затвор во траење од 5 месеци,во 8 предмети изречени се парични казни, во 25 предмети против 26 лица изречени се услови осуди, во 5 предмети изречени се судски опомени.

Од вкупно 4 укинати предмети кои беа во работа,решен е 1.

Во текот на 2010 година поднесени се 4 приговори на обвинителен акт и 3 молби за одлагање на издржување казна затвор.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА**
**ПО КРИВИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ**
**ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА**

| до 1 мес. | од 1 до 3 мес. | од 3 до 6 мес. | од 6 мес. до 1 год. | над 1 год. |
|---|---|---|---|---|
| 28 предм. | 11 предм. | 9 предм. | 5 предм. | / |

Во однос на претходната 2009 година,евидентно е дека времетраењето на постапката во кривичните предмети Е НАМАЛЕНО.

## КВАЛИТЕТ

Од донесени 53 кривични пресуди против полнолетни лица, по 14 пресуди одлуката е обжалена.

Од обжалените, 10 пресуди пресуди се потврдени а 3 се укинати*(се земаат во предвид сите предмети вратени од жалбена постапка, сметано и предмети кои се испратени во претходната година).*

*По овие предмети постапувале судиите: Билјана Јоновска и Драги Жаловски.*

## ИСТРАЖНИ ПРЕДМЕТИ

Податоците за движењето на истрагите и определените истражни дејствија, покажуваат зголемување за по два предмети,во споредба со 2009-та година.

Примени се нови 10 истраги ,а една истрага останала незавршена од 2009-та година.Вкупно во работа во 2010 година биле 11 истраги,и по исто толку е постапено.На крајот на 2010 година не останале нерешени истраги.

По уписник ОИД, судот вкупно во работа имал 48 предмети, од кои 1 нерешен од 2009 год. и 47 новопримени. Од нив решени се 47 предмети, а 1 останал нерешен.

Од оваа бројка, 13 предмети ОИД се “увиди во писмо”,односно се заведени по повод увиди на лице место, извршени од страна на истражните судии.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА
## ПО УПИСНИК "КИ"

| до 1 мес. | од 1 до 3 мес. | од 3 до 6 мес. | од 6 мес. до 1 год. | над 1 год. |
|---|---|---|---|---|
| **7** предм. | **3** предм. | / | **1** | / |

## РАБОТА НА КРИВИЧНИОТ СОВЕТ

**Примени се 18 предмети од работа на кривичен совет,за 2 предмети повеќе во однос на 2009-та година.**

Од нив,4 се барања за бришење на условни осуди,4 приговори на обвинение,2 жалби на решение за спроведување на истрага,3 жалби по решенија КУИКП,3 за судење во отсуство и 2 неслагања за спроведување на истрага.

Кривичниот совет одлучувал по **17** предмети.

Судија Виолета Крстиновска била претседател на кривичен совет во 16 предмети.

Судија Билјана Јоновска била претседател на кривичен совет во 1 предмет.

Судија Драги Жаловски бил член на КС во 4 предмети.

Судија Царева Проевска била член на КС во 16 предмети.

Судија Љубица Саламовска била член на КС во 14 предмети.

Поради неможност за формирање на КС,еден предмет е отстапен на одлучување на Основен суд Битола.

## ПРЕКРШОЧЕН ОТСЕК

На почетокот од извештајната година судот како нерешени имал **127** предмети, примил вкупно **418** предмети,од кои 407 нови, и 11 од укинатите што значи вкупно во работа имал **545** предмети.

Решени се вкупно **454** предмети. Нерешени останале **91** предмети**.**

## КВАЛИТЕТ:

Од вкупно решените **454** предмети, обжалени биле **38**предмети, а необжалени **416** предмети.

Од обжалените, **25** се потврдени, **7** се преиначени а **12** се укинати.*(сеземаат во предвид сите предмети вратени од жалбена постапка, сметано и предмети кои се испратени во претходната година).*

**Извршување на кривични и прекршочни санкции**.

Во спроведувањето на **постапката за извршувањето на санкциите** кај кривичните предмети не постојат проблеми, сето тоа поради малиот број на такви случаи во кои постапувал судот.

Од 2009-та година останале нерешени 5 предмети.Во текот на 2010 година примени се 5 нови предмети.Решени се 5 предмети,а на крајот на 2010 година останале нерешени 5 предмети.

Што се однесува до **извршувањето на прекршочните санкции**,останати на почетокот на 2010 година биле **249** предмети,новопримени во текот на годината биле **350** предмети,вкупно во работа биле **559** предмети,решени се **409**,останати нерешени **190** предмети,што значи дека приливот е совладан,а заостатокот е намален за **59** предмети.

*По овие предмети постапувал судија Виолета Крстиновска.*

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

## ПАРНИЧНИ ПРЕДМЕТИ

- *Нерешени* ***парнични****предмети на 01.01.2010 год.,имало* ***146*** *предмети,*
- *нови примени во текот на 2010 год., се* ***302****предмет, од кои од укинати* ***48*** *предмети,или за* ***52*** *предмети повеќе во однос на 2009-та година.*
- *вкупно во работа биле* ***448*** *предмет,или за* ***58*** *предмети помалку во однос на 2009-та година..*
- *решени се* ***295****предмет, или за* ***66*** *помалку во однос на 2009 год.*
- *останале нерешени* ***153*** *предмети,од кои* ***35*** *се примени во месец декември 2010 година.*

*По овие предмети постапувале судиите: Царева Проевска, Љубица Саламовскаи Виолета Крстиновска.*

Од решените 299 предмет,со пресуда е одлучено во **170** предмети,со судско порамнување завршиле **59** предмети,а на друг начин се решени **66** предмети.

По видови,врз основа на уписниците кои се водат на парнично одделение новопримените предмети се:

-имотни спорови – 140 предмети;

-работни спорови - 69 предмети;

-спорови од мала вредност – 88 предмети и

-разводи на брак – 9 предмети.

## КВАЛИТЕТ

Од **170** пресуди донесени во парничните предмети, **114** се обжалени.

Од вратени предмети од жалбена постапка ,**75** пресуди се потврдени, **9** се преправени и **45** се укинати.*(се земаат во предвид сите предмети вратени од жалбена постапка, сметано и предмети кои се испратени во претходната година).*

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПО ПАРНИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ

| До 3м. | од 3м. до 6м. | од 6м. до 12 м. | над 12м. |
|---|---|---|---|
| **85** | **79** | **83** | **48** |

## ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот на 2010 година имало **10**нерешени предмети,останати од 2009 година.

Во текот на извештајната година бил примен еден предмет,односно вкупно во работа биле **11** предмети.

Решени се **5** предмети,останале нерешени **6**,воглавно поради тоа што постапката е прекината,а странките се упатени на парница.

Кај двајцата нотари кои се со седиште на подрачјето на Основен суд Ресен,како на судски повереници,во работа во текот на 2010 година им се дадени **260** предмети,а со остатокот од **88** предмети од 2009 година,тие вкупно во работа имале **348** предмети. Решени се **196** предмети,нерешени останале **152** предмети.

Во текот на извештајната година расправан е и дополнително пронајден имот во **40** предмети.

*По овие предмети постапувал судија Виолета Крстиновска.*

## ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот на 2010 година имало **25** предмети по уписник ВПП.
Во текот на 2010 година примени се вкупно **42** нови предмети,така што вкупно во работа имало **67** предмети.

Решени се **45** предмети,а останати нерешени предмети на 31.12.2009 година се **22** предмети.

По уписник "ОДС" примен е еден предмет,и тој е решен.Останати вакви предмети од 2009-та година нема.

## КВАЛИТЕТ

Од решените **45** вонпроцесни предмети,во **14** решенијата биле обжалени.

Од нив,до крајот на извештајната година,потврдени се **13** решенија,а укинати се одлуките во **2** предмети.

Делумно укинати е една одлука.

*По овие предмети постапувале судиите Царева Проевска и Љубица Саламовска.*

## ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ

На 31.12.2009 год., имало **402** извршни предмети, нема новопримени, па останал истиот број на предмети во работа, решени биле **78** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **324 предмети.**

Во 97 предмети должниците се иселени во странство и се со непозната адреса.

Изразено во проценти,5% од вкупниот број извршни предмети се врз основа на извршна исправа – судска одлука,а 95 % се врз основа на веродостојна исправа.

*По овие предмети се постапуваат судиите Виолета Крстиновска,Царева Проевска и Љубица Саламовска.*

## СТАРИ ПРЕДМЕТИ

На почетокот на 2010 година имало **90** стари предмети заклучно со 2007-та год.,од **граѓанска материја**.

Од нив,во текот на годината се решени **65** предмети,а останале нерешени **25** предмети.

Во оваа бројка не се опфатени извршните предмети.

Од стари **прекршочни предмети**,во работа биле **11** предмети,и сите се решени.

Застарени прекршочни предмети во текот на 2010 година се 30, и тоа кај сите настапила апсолутна застареност,а не и релативна застареност.

Стари **кривични предметиНЕМА**.

Од страна на судиите до претседателот на судот редовно се доставуваат извештаи по однос на состојбата со старите предмети по кои постапуваат,со стратегија за нивно решавање.

## ПОЕДИНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ И АНГАЖИРАНОСТ НА СУДИИТЕ

Во извештајната година во Основен суд Ресен,цела година,без прекин, постапувале 5 судии,што е и целосна бројка на предвидени судиски места во овој суд.

**Судија Виолета Крстиновска** :

Одлучува по ППНИ,работи како судија за извршување на санкции,постапува по оставински предмети,како претседател на КС,работи на разни граѓански предмети-тестаменти,договори,замолници,уверенија.

Вкупно во работа во 2010 година имала 11 **парничнипредмети**.Одлучила во 9 предмети,од кои со пресуда во 6 предмети,а со спогодба во 3 предмети.Останатите се распоредени во работа на двајцата судии кои работат на парнични предмети.

Од вкупно обжалени 5 пресуди во текот на 2010 година,потврдени се 12,а укинати се 5 пресуди.

Решила и два вонпарнични предмети,а по однос на квалитетот од обжалени 1 предмет,4 се потврдени а еден укинат.

Решила и 36 извршни предмети,постапила по 280 разни граѓански предмети,по 5 КУИКП предмети,40 предмети за расправање на дополнително пронајден имот,244 предмети по уписник “КР”,52 по уписник ЗАВ-Х,10 по уписник ЗАВ –НД,9 по уписник ЗАМ-С и 5 ОИД.

Во текот на 2010 година решила **15** предмети по ППНИ,**409** предмети од извршување на прекршочни санкции,постапувала по **523** предмети “СУ.” и **1** предмет “СУ стр.дов”,од административното работење на судот.

Редовно ги посетувала обуките одганизирани од Акаденијата за обука на судии и јавни обвинители и го исполнила,па и натфрлила предвидениот фонд на часови сразмерно на судискиот стаж,реализирала 63 часови обука.

**Судија Билјана Јоновска**:

Работела во кривичниот оддел на кривични,истражни и прекршочни предмети,како и кривичен совет.

Судија Јоновска е и заменик на претседателот на судот,и во текот на 2010 година постапувала по сите предмети од надлежност на претседателот,во негово отсуство.Одлучила во **2** предмети по ППНИ.

Постапувала по 30 **кривични предмети**,одлучила во 22 предмети,од кои со пресуда во 18 предмети,и на друг начин во 4 предмети.

Од нив,со осудителна пресуда одлучила во 15 предмети,со ослободителна пресуда во 1 предмет и со одбивателна пресуда во 2 предмети.

Од вкупно обжалени 7 кривични пресуди,потврдени се 4 пресуди,а укинати 3.

Постапувала во 6 истраги и 20 определени истражни дејствија,од кои 3 "увиди во писмо",и сите ги завршила.

Издала и десет наредби за претрес по уписник "КРИ".

Од вкупно 281**прекршочни предмети** кои ги имала во работа во извештајната година решила вкупно 225 предмети.Со оглед на тоа дека од 2009 година имал останато во работа 73 предмети,а на крајот на 2010 година и останале нерешени 56 прекршочни предмети,истиот го совладал приливот и намалил дел од заостатокот,за 17 предмети.

Од вкупно обжалени 23прекршочни пресуди,потврдени се 12, укинати се 8 пресуди,а преправени се 5 пресуди.

Редовно ги посетувала обуките организирани од Академијата за обука на судии и јавни обвинители и го исполнила,па и натфрлила предвидениот фонд на часови сразмерно на судискиот стаж,реализирала 25 часови обука.

Судијата е член на дисциплинската комисија на Комората на извршители на РМ.

**Судија Драги Жаловски,**

Во 2010 година работел во кривичниот оддел на кривични,истражни и прекршочни предмети,како и кривичен совет .

Во работа имал вкупно 31 **кривичен** предмет,од кои 30 новопримени и еден од укинатите.

Од нив решил вкупно 29 предмети,од кои 25 со пресуда и 4 на друг начин.

Од предметите во кои одлучувал со пресуда,во 22 предмети донел осудителна пресуда,во еден предмет донел ослободителна пресуда и во два предмети донел одбивателна пресуда.

Од вкупно 7 обжалени кривични пресуди,потврдени се 6.

Постапувал во 5 истрагии 17 определени истражни дејствија,и сите ги завршил.Постапил и по една замолница.

Издал и пет наредби за претрес по уписник "КРИ".

Од вкупно 262 **прекршочни предмети** кои ги имал во работа во извештајната година решил вкупно 227 предмети.Со оглед на тоа дека од 2009

година имал останато во работа 54 предмети,а на крајот на 2010 година му останале нерешени 35 прекршочни предмети,истиот го совладал приливот и намалил дел од заостатокот,за 19 предмети.

Од вкупно обжалени 15 прекршочни пресуди,потврдени се 13, укинати се 3 пресуди,а преправени се 2 пресуди.

Укината му е и една парнична пресуда,во предмет кој бил обжален во текот на 2009-та година.

Редовно ги посетувал обуките организирани од Акаденијата за обука на судии и јавни обвинители и го исполнил,па и натфрлил предвидениот фонд на часови сразмерно на судискиот стаж,реализирал 18 часови обука.

Учествувал и во работата на дисциплинската комисија при КИРМ,како заменик член.

**Судија Царева Проевска**

Работела во граѓанскиот оддел на парнични,вонпарнични и извршни предмети.

Од вкупно 213**парнични предмети** во работа во текот на 2010 година,решила вкупно 132 предмети,а нерешени останале 81 предмет.Од нив пресуда донела во 70 предмет,со спогодба 26 и на друг начин 36.

Од вкупно обжалени 50 парнични пресуди, 32 се потврдени,22 се укинати и преправени 5 пресуди.

Од вкупно 34 **вонпарнични предмети** во работа,решила 23,останале нерешени 11.

Од обжалени 13 вонпарнични решенија,потврдени се 8,укинати се 2,а делумно укинато 1 решение.

Решила 28 извршни предмети,576 предмети по уписник ПЛ,а од вкупно 42 предмети во работа по уписник ПЛ1 решила 32 предмети,останале нерешени 10 предмети.

Во предметите формирани по приговор против платен налог од вкупно обжалени 13 одлуки,потврдени се 3,една е укината,а една преправена.

Решила и еден кривичен и еден прекршочен предмет.

Редовно ги посетувала обуките организирани од Академијата за обука на судии и јавни обвинители и го исполнила,па и натфрлила предвидениот фонд на часови сразмерно на судискиот стаж,реализирала 31 часови обука.

**Судија Љубица Саламовска,**

Работела во граѓанскиот оддел на парнични,вонпарнични и извршни предмети.

Од вкупно 226**парнични предмети** во работа во текот на 2010 година,решила вкупно 154 предмети,а нерешени останале 72 предмети.Од решените,со пресуда се 94 предмети,со спогодба 30 и на друг начин 30 предмети.

Од вкупно обжалени 58 парнични пресуди, потврдени се 31,укинати 17 и преправени 4 пресуди.

Од вкупно 33 **вонпарнични предмети** во работа,решила 22,останале нерешени 11.

Од обжалени 5 вонпарнични решенија,укинати се три.

Решила 14 извршни предмети,582 предмети по уписник ПЛ,а од вкупно 35 предмети во работа по уписник ПЛ1 решила 17 предмети,останале нерешени 18 предмети.

Во предметите формирани по приговор против платен налог од вкупно обжалени 10 одлуки,потврдени се 3,укинати нема,а една преправена.

Од два кривични предмети во работа,решила еден,а еден останал нерешен.

Издала 2 наредби за претрес по уписник "КРИ",а решила и еден прекршочен предмет.

Редовно ги посетувала обуките организирани од Академијата за обука на судии и јавни обвинители и го исполнила,па и натфрлила предвидениот фонд на часови сразмерно на судискиот стаж,реализирала 25 часови обука.

**Податоците за квантитативните и квалитативните резултати од работењето на секој судија поединечно се дадени во образецот за оценување на работата на судиите изготвен од Судскиот совет на РМ.**

**Во текот на месец октомври 2010 година се изврши конечно усогласување на податоците од АКМИС-от со реалната бројка на предмети,па при изготвувањето на овој извештај се користени пред се податоци од АКМИС,но и податоци кои ги доставија референтите.Ова од причина што голем број на предмети административно беа префрлени од претходниот систем СИС во АКМИС,па бројот на вкупно предмети во работа,доколку се земеа само податоците од информацискиот систем,беше преголем и нереален.**

Видно од погоре наведеното е дека судиите во Основниот суд во Ресен постапуваат по предмети од различни области и различна материја,и неможноста да се специјализираат да постапуваат по поедини области,секако дека влијае врз постигнатите резултати.

Поради малиот број на предмети,и вкупно на ниво на суд и поединечно по судии,**ниту еден од судиите не остварил месечна норма** утврдена со одлука на Судскиот совет,а тоа се однесува и на вкупните резултати на судот во текот на 2010 година.

Работата на судот е поделена на два оддели-граѓански и кривичен,со тоа што во текот на судската ферија,како и за време на дежурства судиите кои работат на граѓанска материја работат и прекршочни и кривични предмети,и обратно,судиите кои работат на кривична и прекршочна материја постапуваат по предлози за привремени мерки.

Редовно се одржуваат состаноци на судскиот колегиум,со тоа што,заради малиот број на судии,соработката и разгледувањето на одредени прашања,како изаземање на заеднички ставови по тие прашања е скоро секојдневна.

## РАБОТА НА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И АДМИНИСТРАТИВЕН ПЕРСОНАЛ

Во судот работат тројца стручни соработници,од кои двајца во претежен дел на прекршочна материја и еден на граѓанска материја.Во текот на 2010 година во судот немаше волонтери.

Во моментот работните задачи на приемно одделение ги обавуваат референтот од кривично одделение,и судскиот преведувач,покрај нивните редовни обврски,а поради упразнување на местото поради пензионирање на референтот на вонпарнично,референтот на извршно воедно ги работи и работите на вонпарнично,а еден референт од прекршоци е задолжен за работа со архивата на судот.

Во текот на целата 2010 година во судот работеа 4 дактилографи,а пет судии,и тоа секојдневно создаваше проблеми во работењето,па мораше да се даде предност на закажаните судења,со што истовремено трпеше делот на пишување на судските одлуки.

Поради наведените причини судиите и стручните соработници и не можеа да постигнат резултати,кои вообичаено би се постигнале при нормални услови за работа.

Судот е претплатен на изданијата од “Службен весник на РМ”,кој го добива во два примероци,а има и соодветно опремена мини-библиотека,која е снабдена со стручна литература,која е достапна на секого кој во текот на работењето има потреба да се користи со таквата литература.До судиите редовно се доставуваат копирани примероци на ставови од повисоките судови.

Користењето на интернетот во голема мера ја задоволува потребата на судиите и стручните соработници за тековно следење на сите прописи,како и судска пракса.

Како и другите судови,и Основниот суд во Ресен има своја веб-страница,на која се објавуваат донесените одлуки,кои претходно се анонимизираат,како и се запознава граѓанството со сите тековни активности и со објавеното на огласната табла во судот.Во текот на 2010 година објавени се вкупно 588 одлуки.

## РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Во периодот од 01.01.2010 до 31.12.2010 година Претседател на Основен суд Ресен е судија Виолета Крстиновска.

Во текот на годината ги вршеше работите на судска управа согласно Судскиот деловник. Во таа смисла редовносе закажуваниколегиуми,се грижела за материјално-финансиското работење на судот,носела одлуки за јавни набавки, го организирала работењето на судот,го застапувалаипретставувалаОсновниот суд Ресен, присуствувала на семинари и работилници,посебно организирани за Претседатели на судови, и постапувала каколице за односи со јавност.

Работела и на сите предмети од функционална надлежност на Претседател на суд.

Постапила по 523 предмети по уписник “СУ” и еден предмет по уписник “СУ-стр.дов.”,како и по 4 УПП предмети.

Работата во судот во текот на 2010 година ја организирала согласно Судскиот деловник и Годишниот распоред за работа.

Редовно се одржуваа седници на судскиот колегиум,на кој се разгледуваа извештаите за работа,но и се договараше стратегија за постапување по предметите,особено по старите предмети.

Со оглед на малиот број на судии во Основниот суд во Ресен, вкупно пет,секое утро се одржуваа кратки состаноци на кои дневно се претресуваа разни прашања од важност за работењето на судот и судиите поединечно.

Се одржуваа состаноци со сите вработени,на кои се претресуваа прашања од секојдневното работење на судот,но и состаноци со поедини групи на судски службеници како референти,дактилографи,судска полиција,зависно од потребите.

Редовно се изготвуваа месечни,тримесечни и шестмесечни извештаи.

Се одржаа работни состаноци со ОЈО Ресен,МВР-ПС Ресен,гранична полиција,Шумска полиција,со Адвокатска заедница Ресен,со Агенција за катастар на недвижности,со претставник од Македонски пошти,со претставници од Агенција за управување со имот,со претставници на локалната самоуправа,со извршители и нотари именувани за подрачјето на Основен суд Ресен,а се ова во функција за надминување на разлики во ставовите,како и заради дефинирање на видот и динамиката на заедничката соработка.

Секоја среда,во терминот предвиден за тоа,Претседателот врши прием на странки,а на барање од граѓани и странки,такви приеми се правени и вон утврдениот термин.

Беше овозможено да судиите,но и стручните соработници и останатите судски службеници посетуваат едукација,организирана од Академијата за судии и јавни обвинители.

На почетокот на годината од страна на Претседателот на судот изготвен е извештајот за работата на судот во 2009 година,а изготвени се и сите барани извештаи,информации и дописи до Судскиот совет на РМ,Министерство за Правда на РМ,Академија за судии и јавни обвинители и други релевантни институции и организации.Истите ги изготвувла лично,со оглед дека во судот нема администратор.

Присуствувала на сите состаноци на Претседатели на судови на ниво на Апелационен суд Битола,на сите состаноци организирани од страна на Врховен суд и Министерство за Правда.

Целосната примена на АКМИС-от во работењето на судот беше една од задачите на кои Претседателот на судот работел во текот на 2010-та година и во тој дел е постигнат сериозен напредок.

Работела и на полето на остварување и одржување на добри меѓучовечки односи во колективот,кои се основа за доброто работење на целата институција.

## ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Според податоците на сметководството на судот, во 2010 година Основен суд Ресен за работа добил вкупно 14.750.598,00 денари,и потрошил исто толку.Пренесени неизмирени обврски од 2009 година биле 444.795,00 денари.

Од нив,на име материјални трошоци бил одобрен износ од 1.618.103.00 денари,кој износ во целост е реализиран.

Неподмирени обврски заклучно со 31.12.2010 година останале за износ од 948.166,00 денари,од кои во претежен дел за нафта за греење, меѓутоа истото не е резултат на неправилно проектиран буџет,туку на недоволно одобрени средства,неопходни за нормално работење на судот.

Во текот на 2010 год.како капитална инвестиција е извршена реконструкција на електричната инсталација во судот и набавка на еден фотокопир.

Блокада на жиро- сметката во текот на годината не се јавила во ниту еден период.

Беше постапено по сите укажувања заради рационализација и намалување на трошоците,секаде каде што тоа беше можно.

Во судот како информатичар беше ангажирано едно лице,со поддршка на УСАИД,од каде што му беше исплаќан и надоместокот за извршената работа,заклучно со 28.02.2010 година.

Истото лице во периодот од 17.08.2010 година до 05.10 2010 година беше привремено вработено,преку Агенција за привремени вработувања,после што,од

06.10.2010 година тој привремен работен однос беше трансформиран во работен однос на неопределено време.

На 09.07.2010 година работниот однос му престана на еден судски службеник,поради исполнување на услови за старосна пензија.Местото не е пополнето,а не се пополнети ниту работните места кои се упразнија во текот на 2009-та година и тоа за:референт на приемно одделение,дактилограф и стручен соработник.

## ПРОСТОРНИ УСЛОВИ И ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ НА СУДОТ

Условите за работење во судот се релативно добри.

Секој судија има своја канцеларија,опремена со потребен инвентар (биро,столици,ормари),како и со компјутер и печатач.

Истото се однесува и на стручните соработници,како и на останатите вработени.

Просторијата во која се сместени три дактилографки е добиена со адаптација на две помали простории кои беа со сосема поинаква намена,така што оваа просторија воопшто не ги задоволува условите за престој и работа на овие вработени. Потребно е итно обезбедување на соодветна просторија.

Просторните услови во судската зграда не дозволуваат ниту овезбедување на соодветна просторија-канцеларија за адвокатите.

Три простории од судската зграда користи Основното јавно обвинителство Ресен и доколку се изнајде решение за ослободување на овие простории, состојбата значително би се подобрила.

Што се однесува до техничката опременост,состојбата задоволува,со тоа што секој од вработените има свој компјутер.Дел од оваа опрема е дадена на користење без надоместок од страна на ОЈО – Ресен.

Сепак,потребно е да двете судници се опремат со компјутери и печатари со поголеми перформанси,заради непречено користење на АКМИС-от.

Судот поседува две патнички возила, ”Тојота Јарис” и “Југо”,кои засега ги задоволуваат потребите на работата на судот,меѓутоа потребна е набавка на теренско возило,заради теренот на кој судиите вршат увиди на лице место,особено во зимски услови.

**З А К Л У Ч О К**

**Во текот на 2010 година не се пополни ниту едно од упразнетите места во 2009 година,а се упразни и местото не референт на вонпарнично,поради исполнување на услови за старосна пензија на тој судски службеник.**

**Со проблеми од персонална природа,редовното работење на судот беше во дел нарушено,но иако судиите поради тоа не можеа да дадат максимален ефект во работењето,сепак е евидентно дека во најголем број области не само што е совладан годишниот прилив на предмети,туку е намален и заостатокот,поради што судот може да се смета за ефикасен,иако поради малиот број на предмети не можеше да се оствари предвидената ориентациона норма.**

**Посебна ангажираност судиите покажаа во решавањето на старите предмети,и таквата заложба резултираше со многу мал број на останати стари предмети и тоа заклучно со 2007 година, на крајот на извештајната година.**

**Редовно се посетуваа едукациите организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ,и сите судии реализираа дури и повеќе часови од оние кои беа предвидени,согласно судискиот стаж.**

**За да се подобри работењето на судот,во идниот период треба да се пополнат упразнетите работни места,како и да се заокружи опременоста на судот со потребната нова компјутерска и друга техничка опрема,ова особено заради непречено понатамошно работење во АКМИС системот.**

**Работењето на судот е транспарентно,за што дополнително се придонесе со постоењето и редовното ажурирање на веб-страницата.**

**22.02.2011 год.**

**Р е с е н**

**ОСНОВЕН СУД РЕСЕН**

**Претседател на судот,**
**Виолета Крстиновска**